Врз основа на  член 25 став 19 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/13, 137/13,41/14, 44/15, 6/16 и 53/16), Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата одржана на 05.10.2016 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

## за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф[1]

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат основните карактеристики на инструментот за поддршка– кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт–ап, и спин-оф[2](во натамошниот текст: Инструментот), критериумите и постапките за аплицирање за кофинансирање, и критериумите и постапките за доделување на кофинансирање.

## I. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

### Член 2

Целта на овој инструменте да го поттикне нивото на иновативност кај новооснованите претпријатија преку обезбедување на неопходната финансиска поддршка за активности на истражување и развој.

Грантот се очекува да  ја поттикне културата на преземање на ризик и иновација, да обезбеди поддршка за претпријатијата кои сакаат да развијат нов или подобрен производ, процес, и/или услуга како и да поттикне комерцијализација на резултатите од истражувања настанати во вискообразовните односно научноистражувачките установи.

### Член 3

Поддршката преку овој инструмент ќе биде доделена на проекти кои имаат најмалку „потврден концепт“ (proof of concept) и јасна комерцијална амбиција.

Инструментот поддржува проекти кои се во фаза на потврден концепт до предкомерцијална (предпазарна) фаза.

Инструментот е наменет за финансирање на новоосновани микро, мали и средни претпријатија - „старт-ап“ претрпијатија регистрирани во Република Македонија, а со цел поттикнување на иновативноста кајпретпријатијата, имплементирање на иновативни решенија, поддршка на претпријатијакои имаат висок потенцијал за раст, како и пренесување на резултатите од научните истражувања во апликативни, односно комерцијални активности преку формирање на „спин-оф“претпријатија.

“Новоосновано трговско друштво спин - оф“ е трговско друштво основано од едно или повеќе физички лица вработени/ангажирани или студенти во установа која

---

[1]Мали грантови за потврден концепт

[2] Мали грантови за потврден концепт

врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност и/или основани од установи кои вршат научноистражувачка дејност и/или од стопански субјекти.

**Член 4**

Преку овој  инструмент, Фондот за иновации и технолошки развој (во понатамошниот текст Фондот)обезбедува финансирање **до 85%(осумдесет и пет проценти)** од вкупниот буџет за проектот, во максимален износ од **30.000,00 (триесет илјади) евра.**

Преостанатиот износ од вкупниот буџет за проектот треба да биде обезбеден од апликантот.

Средствата добиени од Фондот по било кој друг основ или било која друга форма на државна помош не се прифатливи како кофинансирање од страна на Апликантот.

**Член 5**

По успешна комерцијализација, приходите(не само добивката) добиени од продажбата на производот/услугата или некој друг последователенпроизвод/услуга врз основа на технологијата развиена во рамки напроектот финансиран од страна наФондот, ќе стане основа за плаќање на ројалти кон Фондот.

Секоеплаќањена ројалти ќе се вршипо стапка од 5%(пет проценти) од годишниот приход добиен од продажба на производот/услугатакои се резултат на проектот, се додека не се оствари поврат на 120% (сто и дваесет проценти) од износот на финансирање добиено од Фондот или за период од 5(пет) години по завршувањето на проектот, во зависностод тоа кој услов е прво постигнат.

Плаќањетона ројалти ќе се пресметувагодишно од страна на Фондот во тековната година за претходната година, и треба да биде платено од страна на Корисникот кон Фондот до 31 март во тековната година за претходната година.

**Член 6**

Времетраењето на проектот за кој се доделени финансиски средства преку овој Инструмент може да биде до 12 (дванаесет) месеци.

Директорот на Фондот, врз основа на оправдани околности може да одобри продолжување на спроведувањето на проектот до два месеца.

Продолжување на спроведување на проектот подолго од периодот од став 2 на овој член,може да биде одобрено само по одлука донесена од страна на Комитетот за одобрување на инвестиции.

Под оправдани околности, времетраењето на спроведувањето на проектот може да биде продолжено најмногу за дополнителни 6 (шест) месеципо претходно добиено одобрување во согласност со став 2 и став 3 од овој член.

Во случај на продолжување на времетраењето на спроведувањето на проектот, износот на доделениот грант не може да биде зголемен.

## II.ПОСЕБНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ

**Член 7**

Подобни за финансирање под овој инструмент се микро, мали и средни претпријатија од сите сектори.

Критериумите заподобност кои апликантот треба да ги исполни се:

- да е трговско друштво основано согласно Законот за трговски друштва и регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија;
- да не поминале повеќе од 6 (шест години) од денот на основање на апликантотдо денот на поднесување на предлог проектот до Фондот;
- да е микро, мало или среднопретпријатие(до 250 вработени);
- да е со мнозинска македонска сопственост (со 50,1 % или повеќе);
- да е во сопственостна физичко лице/а и/илимикро, мало, или средно претпријатие (со мнозинска македонска сопственост со 50,1% или повеќе) и/или установа која врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност(со сопственички удел во апликантот до 20%);
- годишните приходи на претпријатието да не надминуваат 1.000.000 (еден милион) евра, според финансиските извештаи за претходните две фискални години;
- да не е капитално поврзан (согласно Законот за трговски друштва) со друго претпријатие каде што збирните годишни приходи на двете претпријатија надминуваат 1.000.000 (еден милион) евра во претходните две фискални години, освен во случај на капитална поврзаност со високообразовна, односно научноистражувачка установа;
- да нема акумулирано повеќе од 200.000,00 (двеста илјади) евра помош од мало значење за период од три фискални години, вклучувајќи го и побараниот износ на средства од Фондот согласно Законот за контрола на државна помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis);
- да нема аклумулирано повеќе од 100.000,00 (сто илјади) евра помош од мало значење за период од три фискални години, вклучувајќи го и побараниот износ на средства од Фондот, ако претпријатието е активно во секторот за патен сообраќај, согласно Законот за контрола на државна помоши Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis);
- да не е во потешкотии (претпријатие во потешкотии е претпријатие кое не е во можност да ги исполнува своите обврски од сопствените ресурси или со средства што може да ги добие од својот сопственик/акционерите или кредиторите, за да ги запре загубите, кои без надворешна интервенција од давателите на помош со сигурност ќе доведат до краткорочен и долгорочен престанок со работа на претпријатието) и
- да не се занимава со производство на јаглен.

**Член 8**

Средствата добиени од Фондот треба да бидат наменети за развојни активности и имплементација на предложената иновација.

Прифатливи активности за финансирање под овој Инструмент се:

- активности за истражување и развој
- развој на пилот линии
- активности за тестирање
- активности поврзани со заштита на интелектуална сопственост и
- дизајн

Листа на активности од став 2 на овој член не е ограничувачка.

**Член 9**

Трошоциприфатливи за финансирање под овој инструмент се:

- бруто плати (само за вработени на апликантот). Износите на бруто плати за вработените лица ангажирани на проектот треба да соодветствуваат на воспоставените практики на корисникот пред почетокот на проектот;
- купување и/или изнајмување на опремаи потрошни материјали за истражување и развој;
- поддоговорни услуги за истражување и развој, (пр:тестирање, лабараториски услуги и сл.);
- ангажирање на експерти/советници за истражување и развој;
- ангажирање на експерти/советници за останати потреби директно поврзани со очекуваните резултати на проектот (експертиза поврзана со иновациски менаџмент, финансиски менаџмент, мобилизација на средстваи капитал, бизнис развој, маркетинг, правни работи, заштита на интелектуална сопственост и друго);
- подготовка и поднесување на пријава за патент, заштита на трговска маркаииндустриски дизајн;
- канцелариска и деловна поддршка (наем на деловен простор, режиски трошоци, банкарски провизии, сметководствени услуги, хостинг и останати видови на административни трошоци во максимален износ од 15% (петнаесет проценти) од вкупниот буџет на проектот.Средстватаза канцелариска и деловна поддршка се доделуваат на квартална основа, како вкупен износ, за подставките за кои постои доказ за направен трошок.

Единствено трошоците настанати за активности спроведени за времетраење на проектот, а кои се во согласност со одобрениот буџет на проектот и правилата и процедурите на Фондот се подобни за финансирање.

Трошоци неприфатливи за финансирање под овој инструмент се:

- трошоци за отплата на камата или долг на друга страна
- трошоци и провизии за минати или можни идни загуби или долгови
- покривање на загуби  настанати при размена на валута, такси и казни

- трошоци за забава и угостителство
- трошоци за регрутирање на кадар (трошоци за објавување на оглас, провизии од агенции за вработување, трошоци поврзани за селекција на кандидати и слично) и трошоци за преселба на вработени
- купување на земја или згради, вклучувајќи и реновирање
- готовинска исплата од посебната сметка на проектот
- извозни активности (трошоци директно поврзани со извоз на производи, со основање и работење на мрежа за дистрибуција и слично, или други тековни трошоци на претпријатието поврзани со извозни активности
- годишни такси за оддржување на патент (со исклучок на добро оправдани случаи проценети како дозволив трошок при евалуација на предлог проектите)
- додатоци на плата
- трошоци за консултантски услуги обезбедени од страна на сосптвеник/ици на корисникот
- наем на деловен простор од закуподавец кој учествува во активностите на проектот или е капитално поврзан со претпријатието корисник
- набавка на товарни транспортни возила од страна на претпријатија кои вршат товарен патен транспорт за наем или надоместок
- набавка на патнички возила (со исклучок на добро оправдани случаи проценети како дозволив трошок при евалуација на предлог проектите) и
- трошоци за набавка на половна опрема.

Не се подобни за финансирање и трошоци за реализација на активности кои претходно биле финансирани од други извори.

Листа на трошоци од став 3 на овој член не е исцрпна.

**Член 10**

Во случај проектот да се базира на веќе постоечки права на интелектуална сопственост, апликантот е должен заедно со предлог проектот да достави доказ за право на користење на интелектуалната сопственост во вид на договор за лиценцирање, договори за „in-kind“придонес или друг вид на договор кој потврдува дека Апликантотима право на користење на интелектуалната сопственост на која се базираат резултатите од проектот.

Апликантот не смее свесно или намерно да ги нарушува правата на интелектуална сопственост на кое било трето лице.

Сите права на интелектуална сопственост и „know how“ кои ќе бидат создадени за време на спроведување на проектот и/или како резултат на спроведувањето на проектот му припаѓаат на Корисникот идоколку е применливо, Корисникот треба да ги заштити правата на интелектуална сопственост.

Фондот нема да биде одговорен за спорови поврзани со правата на интелектуална сопственост помеѓу Апликантот/Корисникот и трети страни.

## III. ПРОЦЕС НА АПЛИКАЦИЈА

**Член 11**

Финансиските средства под овој инструмент, се доделуваат на компетитивна основа по објавен јавен повик.

Јавниот повик ќе биде објавен во најмалку два јавни медуими и на веб страната на Фондот.

Рокот за поднесување на предлог проектите ќе биде одреден помеѓу 30 (триесет) и 90 (деведесет) дена од денот на објавување на јавниот повик.

Содржината на јавниот повик е регулирана во Правилникот за управување на инструментите за поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој (во понатамошниот текст Правилникот за управување).

Износот на вкупниот буџет определен за секој јавен повик е одреден во Годишната програма за работа на Фондот и Годишниот финансиски план на Фондот.

Обрасците за поднесување на предлог проект по јавен повик за доделување средства под овој Инструмент се дадени како Прилог 1 – Проектна апликација, Прилог 2 – Буџет на проект и Прилог 3 – Финансиска проекција на овој Правилник.

Останатите документи кои се потребни при аплицирањето се дефинирани во Правилникот за управување и се наведуваат во јавниот повик.

## IV. ПРОЦЕС НА ЕВАЛУАЦИЈА

**Член 12**

Евалуацијата на доставените предлог проекти како и одлуката за доделување финансиски средства под овој Инструмент, е во надлежност на Комитетот за одобрување на инвестиции (во понатамошниот текст Комитетот).

Комитетот врши евалуација на сите предлог проекти кои ја поминале административната проверка за комплетност на апликацијата и подобноста на апликантот.

Административната проверка се врши според образецот даден како Прилог 4 - Документ за административна проверка на предлог проекти на овој Правилник.

Правилата и процедурите за административна проверка и за евалуација на предлог проектите,подетално се регулирани во Правилникот за управување.

**Член 13**

Основните критериуми за евалуација на проекти и доделување средства под овој Инструмент се:

- степен на иновативност
- квалитет на проектот
- капацитет на проектниот тим

- потенцијал на пазарот
- влијание

Основните критериуми и подкритериумите за евалуација се дадени како Прилог 5 - Табела за евалуација на предлог проектитена овој Правилник.

## V. СПРОВЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА ПРОЕКТИ

### Член 14

Корисникот има обврска да го спроведе проектот ефективно и ефикасно во согласност со Договорот за доделување средства и во согласност со добрите технички, економски, финансиски, управувачки, еколошки и социјални практики и стандарди.

Корисникот има право на пренамена на средства во вкупен износ од 15% (петнаесет проценти) од вкупниот буџет на проектот за целото времетраење на проектот во насока на постигнување на очекуваните проектни резултати. За пренамената Корисникот е должен да го извести Фондот во рамки на кварталните извештаи и завршниот извештај.

Секое незначително отстапување од Проектната апликација и Буџетот на проектот, (промени во планот на активности, клучните луѓе на проектот, итн) треба да биде претходно одобрено од страна на директорот на Фондот.

Секое значително отстапување од Проектната апликација и Буџетот на проектот, (промена на доминантна сопственичка структура, пренамена на средства во износ повисок од 15% (петнаесет проценти) од вкупниот буџет на проектот, итн.) треба да биде претходно одобрено од страна на Комитетот.

Фондот има за цел да поттикне иновативна дејност и преземање ризик.Од причина што иновативните проекти често се развиваат различно од почетните очекувања, Фондот и Комитетот овој фактор ќе го имаат предвид при донесување на одлуките за одобрување на промени во проектот.

Правилата и процедурите за спроведување на проектот, подетално се регулирани во Правилникот за управување.

### Член 15

Фондот врши надзор на проектот преку преглед на извештаите доставени од страна на Корисникот преку спроведување натеренски посети и преку оценка на резултатие на проектот.

Обрасците за известување под овој Инструмент се дадени како Прилог 6 – Квартален извештај за напредок и Прилог 7 – Завршен извештај на овој Правилник.

Правилата и процедурите за надзор, следење и евалуација на резултатите на проектот,подетално се регулирани во Правилникот за управување.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

За се што не е уредено со овој правилник, важат одредбите од Правилникот за управување и законите на Република Македонија.

**Член 17**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за инструментот за поддршка-кофинансирани грантови за старт-ап, спин-оф трговски друштва и иновации бр. 01-475/1 од 07.09.2015 година.

**Член 18**

Овој Правилниквлегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Фондот, асеобјавува по добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Бр.01-250/2 Претседател на Управен одбор

Скопје, 05.10.2016 година

**Прилог 1. Проектна апликација**

# Проектна апликација

**за инструментот за поддршка: кофинансирани грантови за новооснovани трговски друштва „старт-ап“ и „спин-оф“**

**Важна напомена:** Пред пополнување на овој образец, Ве молиме внимателно прочитајте ги дадените инструкции и Правилникот за инструментот. Ве молиме внесете го текстот во соодветните полиња, во согласност со инструкциите што служат како насоки при пополнување на секое поле. Пожелно е, при наведување анализи и истражувања, да се наведат и изворите на информациите**.** Доколку одлучите да приложите табели, графикони или референции, додадете ги во соодветните полиња.

**Забелешка:**
Резимето на проектот наведено во делот II.1. Резиме на проектот може да биде користеноод страна на Фондот за промотивни намени (на пример, извадоци од наградени проекти може да бидат објавени на интернет-страницата на Фондот и слично). Затоа, овој дел не треба да содржи информации што имаат доверлив карактер.

Со цел обезбедување на независна и објективна евалуациска процедура, во деловите: Претставување на апликантот, Проектниот план и Бизнис планот препорачуваме да не се користат податоци кои може да го идентификуваат претпријатието или сопствениците на претпријатието.

**<НАЗИВ НА АПЛИКАНТОТ>**

**<НАЗИВ НА ПРОЕКТОТ>**

# I. ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА АПЛИКАНТОТ

## АДМИНИСТРАТИВНИ ПОДАТОЦИ

**1. Основни податоци за апликантот**
*Ве молиме наведете ги податоците како што се дадени во официјалните документи издадени од релевантните институции.*

Целосен назив на апликантот: ________________________________
Правна форма (ДООЕЛ, ДОО, АД итн.): ________________________________
ЕМБС: ________________________________
ЕДБ: ________________________________
Датум на регистрација: ________________________________
Дејност (според НКД Рев. 2): ________________________________
Адреса: ________________________________
Телефон / факс / Електронска адреса: ________________________________
Управител: ________________________________
ЕМБГ: ________________________________
Лице за контакт: ________________________________
Телефонски број на лицето за контакт: ________________________________
Број на вработени: ________________________________
Остварени приходи во претходната година : ________________________________
Остварени приходи две години пред аплицирањето: ________________________________

**2.Сопственичка структура**
*Ве молиме внесте податоци според последната тековна состојба издадена од Централен регистар.*

| **Сопственици** | **Удел (%)** | **Позиција во претпријатието** | **Државјанство (земја на регистрација за претпријатие)** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

## 3. Капитална поврзаност со други претпријатија

| |
|---|
| *Најмногу 200 зборови*<br>*Ве молиме наведете дали вашето претпријатие е капитално поврзано со други претпријатија. Доколку постои капитална поврзаност со други претпријатија, ве молиме наведете ги претпријатијата и природата на капиталната поврзаност. (Во согласност со одредбите за капитална поврзаност во Законот за трговски друштва).* |

## 4. Структура на финансирање

*Ве молиме внимавајте износите наведени тука да соодветствуваат со износите наведени во Буџетот на проектот.*

| | |
|---|---|
| Вкупна вредност на проектот (во евра) | |
| Баран износ од ФИТР (во евра) | |
| Кофинансиран износ од страна на апликантот (во евра) | |
| Извор на кофинансирање (*сопствени средства / заем од банка / инвестиција од приватен инвеститор / друго)* | |

### 4.1. Намена на средства

| |
|---|
| *Најмногу 200 зборови*<br>*Ве молиме наведете за што би ги искористиле средствата побарани од Фондот.* |

## 5. Како дознавте за Фондот за иновации и технолошки развој?

а) масовни медиуми (телевизија, радио, весник)
б) социјални медиуми
в) стопански комори
г) друго (ве молиме наведете) ________________________________

**ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА АПЛИКАНТОТ**

**1. Ве молиме накусо претставете го своето претпријатие: опишете ги главните активности и главните производи/услуги, менаџментската и организациската структура, бројот на вработени и нивните професионални профили.**

*Најмногу 500 зборови*

- *Наведете во која стопанска гранка работи претпријатието и кои се неговите главни активности.*
- *Опишете ги главните производи/услуги на претпријатието.*
- *Обезбедете основни информации за организациската структура и за управувачкиот тим на претпријатието (имиња, позиција, податоци за нивното искуство и образование).*
- *Обезбедете основни податоци за вработените (број на вработени во моментот, нивниот профил). Наведете дали се планираат нови вработувања како резултат на проектот.*

## II. ПРОЕКТЕН ПЛАН

**1. Ве молиме обезбедете резиме на проектот за кој барате кофинансирање.**

*Најмногу 500 зборови*

*Резимето треба да биде напишано по изработката на бизнис-планот и на проектниот план и треба да ги содржи сите релевантни информации за проектот. Треба да биде напишано на начин што ќе биде разбирлив и за лица што првпат го читаат проектот. Резимето треба да содржи опис на клучните аспекти на проектот, притоа одговарајќи на прашањата: што, кој, како, кога и каде?*

*Наведете ги главната цел на проектот, како и клучните активности што ќе водат до нејзино остварувањеи до остварување на целите на Инструментот. Дадете кус опис на иновацијата што сакате да ја развиете, како и на пазарниот потенцијал за нејзиното воведување.*

**2. Ве молиме наведете ги потребите и причините за отпочнување на овој проект.**

*Најмногу 500 зборови*

- *Објаснете како дојдовте до идејата за овој проект.*
- *Наведете кој индустриски / економски / социјален проблем сте го идентификувале и се обидувате да го решите или каква бизнис-можност сакате да искористите, а кои сè уште не се решени / искористени и може да бидат решени / искористени со предложениот проект.*
- *Објаснете како овој проект ќе придонесе кон остварување на целите на инструментот.*

**3. Ве молиме опишете ја иновацијата што сакате да ја развиете со овој проект.**

*Најмногу 1200 зборови*

- *Ве молиме дадете опис на иновацијата што планирате да ја развиете со овој проект. Наведете за каков тип иновација се работи (иновација на производ, услуга, процес, технологија, организациска или маркетинг-иновација).*
- *Наведете како решението што планирате да го развиете со својот предлог-проект го решава проблемот или ја искористува бизнис-можноста што сте ги идентификувале.*
- *Наведете во која фаза на развој се наоѓа иновацискиот проект (пр. реализиран „proof-of-concept“, развиен прототип, првични тестирања итн.) и главните постигнати резултати што довеле до оваа фаза.*
- *Опишете го пристапот или активностите што планирате да ги преземете за време на проектот или која фаза на иновацискиот процес е предмет на овој проект (на пр. демонстрација, тестирање, развој на прототип, воспоставување пилот-линии, студии за скалирање, минијатуризација, дизајн, верификација на перформанси, активности за инволвирање крајни корисници и потенцијални клиенти, истражување итн.).*
- *Наведете во што се состои новитетот на вашето предложено решение. Објаснете зошто вашето иновативно решение е подобро од алтернативните решенија на пазарот. Што е тоа што го прави вашето решение подобро, поефикасно и/или поевтино од другите решенија на пазарот? Во овој дел може да презентирате споредба со други конкурентски технологии/производи („technology benchmarking“) и да дадете објаснување како вашето решение се споредува со конкурентските по различни параметри.*
- *Доколку постои можност, обезбедете примерок, дијаграм и/или слика.*

**4. Ве молиме опишете го предвиденото влијание од воведувањето на оваа иновација.**

*Најмногу 500 зборови*

- *Дали иновацијата ќе придонесе за значително унапредување на работата на вашето претпријатие?*
- *Како развојот на оваа иновација се совпаѓа со вашите развојни планови? Дали оваа иновација ќе ви овозможи да се вклучите во иден развој на производ / услуга / технологија?*
- *Дали иновацијата ќе придонесе за значително подобрување на работењето во областа?*
- *Наведете дали постојат други влијанија, како на пример влијание на животната средина, влијание преку нови вработувања, општествено и социјално влијание итн.*

## 5. Статус на интелектуална сопственост

*Најмногу 500 зборови*

- *Ве молиме наведете доколку веќе имате заштитено права од интелектуална сопственост поврзани со проектот со кој аплицирате.*
- *Ве молиме наведете дали сте спровеле пребарување за новитет на предложеното решение/технологија (пребарување на бази на патент,  како на пример Google Patents, EPO, USPTO, WIPO и пребарување на научни бази како на пример Google Scholar, ScienceDirect итн.) и презентирајте ги резултатите од ова истражување.*
- *Дали очекувате како резултат на проектот да биде создадена нова интелектуална сопствености и која е вашата стратегија за заштитана наовонастанатата интелектуална сопстеност?*
- *Дали има други претпријатија, институции или организации вклучени во претходен развој на технологијата, на производот или на услугата и дали имате некои обврски кон нив во поглед на интелектуалната сопственост?*

***Доколку е применливо, во прилог на оваа апликација, приложете доказ за поседување права на интелектуална сопственост или право на користење интелектуална сопственост.***

## 6. Проектен тим

*Најмногу 300 зборови*

- *Ве молиме претставете ги клучните луѓе што ќе работат на проектот, со нивните позиции во претпријатието, улогата која ја имаат во проектот, нивните вештини и компетенции.*
- *Ве молиме наведете го процентот на ангажман на секого од нив (на пр. дали би работеле со полно или со скратено работно време) и дадете кусо образложение.*

***Во прилог на оваа апликација доставете биографии на клучните лица во проектниот тим (максимум пет биографии)***

## 7. Ве молиме во табелата подолу презентирајте го планот на проектни активности (по потреба, додадете редови)

*Ве молиме наведете ги планираните активности за време на проектот, со кус опис на секоја активност, периодот на реализација, потребните ресурси за реализација, одговорното лице, како и очекуваните резултати по имплементација на активноста.*

| Назив на активноста | Опис на активноста | Период на реализација (од мм/гг – до мм/гг) | Потребни ресурси (технички, човечки, финансиски) | Одговорно лице | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |

## III БИЗНИС-ПЛАН

## 1. БИЗНИС-МОДЕЛ

*Најмногу 500 зборови*

*Ве молиме обезбедете резиме на бизнис-моделот за реализација на вашата идеја:*

- *објаснете на кој начин ќе креирате вредност за своите клиенти и како ќе генерирате приходи,*
- *како ќе биде организиран процесот на производство,*
- *кои се главните активности,*
- *кои се главните клиенти,*
- *кои се главните добавувачи,*
- *кои се главните партнери,*
- *која ќе биде ценовната стратегија,*
- *кои канали на продажба ќе ги користите итн.*

*(Во овој дел може да користите алатки за генерирање бизнис-модел, како на пример методологијата Business Model Canvas.)*

## 2. АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ

### 2.1. ПОСТОЈНИ ПАЗАРИ

*Најмногу 300 зборови*

*Ве молиме наведете на кои пазари работите во моментот и, по можност, наведете ги големината на пазарот и вашиот удел.*

### 2.2. ПАЗАРЕН ПОТЕНЦИЈАЛ

*Најмногу 500 зборови*

***Ве молиме наведете ги пазарите што планирате да ги таргетирате со иновацијата што ќе ја развиете со овој проект.***

- *Опишете ги потенцијалните корисници на вашето решение; во кои пазарни сегменти / географски области се наоѓаат? Како планирате да дојдете до нив?*
- *Наведете дали планирате да настапите на националниот пазар, на регионалните пазари или пак на глобални пазари.*
- *Која е процената за вкупната големина на пазарот на кој планирате да настапите? Која е стапката на раст на тој пазар? Кои се пазарните трендови? Колкав удел очекувате да остварите на таргетираниот пазар?*
- *Наведете кои се најрелевантните пазарни сегменти за иницијално воведување на вашето иновативно решение.*
- *Ве молиме наведете доколку веќе сте идентификувале потенцијални клиенти што изразиле интерес да го набават вашиот производ / вашето решение.*

***Доколку е применливо, во прилог на оваа апликација доставете преддоговори / договори со клиенти***

## КОНКУРЕНЦИЈА

*Најмногу 500 зборови*
***Ве молиме наведете ги главните конкурентни на пазарите на кои планирате да го воведете производот.***

- *Наведете кои се главните конкуренти и кои се вашите предности во однос на нив.*
- *Наведете кои се главните придобивки за потенцијалните корисници на вашето решение поради кои тие би го избрале вашиот производ наместо конкурентските производи.*
- *Што планирате да користите како уникатна продажна позиција („unique selling point“)?*

## 2.3. ПЛАН НА МАРКЕТИНГ И НА ПРОДАЖБА

*Најмногу 500 зборови*
*Ве молиме накусо објаснете ја својата маркетинг-стратегија и објаснете кој е вашиот план за пласирање на производот – за време на проектот и 5 години по неговото завршување. Наведете ги количините што би ги продале, цените по кои би продавале, проектираните приходи и профит од продажбата.*

## 3. ФИНАНСИСКИ ПРОЕКЦИИ

### 3.1. Претпоставки за финансиски проекции

*Најмногу 250 зборови*
*Ве молиме наведете ги претпоставките на кои ги базирате своите финансиски проекции претставени во образецот „Финансиски проекции“.*

### 3.2. Финансиски проекции (во прилог)

## 4. АНАЛИЗА НА РИЗИЦИ

*Ве молиме наведете ги потенцијалните ризици за време на имплементацијата на предложениот проект и по неговото завршување (при воведувањето на производот на пазарот). Ве молиме наведете и мерки за надминување потенцијалните ризици. По потреба, додадете редови под секоја категорија.*

| Категорија на ризик | Идентификуван ризик (наративен опис) | Потенцијално негативно влијание (внесете оценка од 1-5, каде што 1 е најмало влијание, а 5 најголемо влијание) | Мерки за надминување на ризикот (наративен опис) |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Технолошки ризици** | | | |
| | | | |
| **Пазарни ризици** | | | |
| | | | |
| **Правни ризици** | | | |
| | | | |
| **Менаџментски ризици** | | | |
| | | | |
| **Партнерски ризици** | | | |
| | | | |
| **Ризици за животната средина** | | | |
| | | | |
| **Друго** | | | |
| | | | |

Датум__________________

Место__________________

Пополнето од: **____________________**

Потпис и печат**___________________________**

*Ви благодариме што ја пополнивте оваа апликација и што изразивте желба за соработка со Фондот за иновации и технолошки развој. Нашите стручни експерти внимателно ќе ја разгледаат Вашата апликација заедно со пропратната документација и во најкраток можен рок ќе Ве контактираат. За дополнителни прашања Ве молиме контактирајте не преку телефон или преку е-маил.*

**Прилог 2. Буџет на проектот**

Работен лист: Упатство за пополнување на образецот

Ве молиме пополнете ги следните работни листови во образецот: Буџет на проектот, и Оправданост на трошоци.
Имајте предвид дека апликантот е одговорен за точноста на внесените информации.
При пополнување внимавајте на следното:
- податоците се внесуваат во сино означените ќелии
- во одредени случаи информациите автоматски се пренесуваат или пресметуваат

Пред поднесување на апликацијата проверете ја функционалноста на формулите и точноста на износите / пресметките
- претставените трошоци треба да бидат оправдани и во согласност со активностите претставени во Проектната апликација

Сите трошоци наведени во буџетот треба да спаѓаат во категоријата подобни трошоци:
- Бруто плати
- Опрема и потрошни материјали за истражување и развој
- Услуги за И&Р- поддоговори
- Услуги за И&Р - експерти/советници
- Надоместоци за подготовка и поднесување на пријава за патент, заштита на трговска маркаииндустриски дизајн
- Консултанти (пр. финансиски менаџмент, прибирање средства (fund raising) и капитал, бизнис развој, правни услуги и заштита на интелектуална сопственост, маркетинг (маркетинг податоци и влез на пазар) и други области);
- Канцелариска и деловна поддршка до 15% (петнаесет проценти) од вкупниот буџет)

Неподобни трошоци за финансирање во рамки на проектот се:
- Отплата на камата или долг на друга страна;
- Трошоци и провизии за минати или можни идни загуби или долгови;
- Загуба на размена на валута, такси и казни;
- Трошоци за забава и угостителство;
- Трошоци за регрутирање на кадар (трошоци за објавување на оглас, провизии од агенции за вработување, трошоци поврзани за селекција на кандидати и слично)и трошоци за преселба
- Купување на земја или згради, вклучувајќи и реновирање
- Готовинска исплата од посебната сметка на проектот

- Извозни активности (трошоци кои се директно поврзани со извозни активности или воспоставување и работа на дистрибутивна мрежа)
- годишни такси за оддржување на патент (со исклучок на добро оправдани случаи проценети како дозволив трошок при евалуација на предлог проектите)
- додатоци на плата;
- трошоци за консултантски услуги обезбедени од страна на сосптвеник/ици на корисникот;
- наем на деловен простор од закуподавец кој учествува во активностите на проектот или е капитално поврзан со претпријатието корисник;
- набавка на товарни транспортни возила од страна на претпријатија кои вршат товарен патен транспорт за наем или надоместок;
- набавка на патнички возила (со исклучок на добро оправдани случаи проценети како дозволив трошок при евалуација на предлог проектите) и
- трошоци за набавка на половна опрема.

Не се подобни за финансирање и трошоци за реализација на активности кои претходно биле финансирани од други извори.

Напомена: Апликантот треба да прикаже трошоци (за плати, набавки на добра и услуги) кои се во согласност со пазарните цени имајќи предвид дека сите активности на проектот треба да бидат спроведени во согласност со добрите технички, економски, финансиски, управувачки, еколошки и социјални стандарди и практики.

**Упатство за пополнување на работниот лист „Буџет на проект“**

**I. Воведен дел**

Во воведниот дел пополнете ги основните информации за проектот: назив на апликант, називна проект, времетраење на проектот (во месеци), вкупниот буџет на проектот и износите на кофинансирање.

При пресметувањето на вкупниот буџет и износите на кофинансирање внимавајте на следното:

- износот на кофинансирање од страна на Фондот да не надминува 30 000,00 евра
- % на кофинансирање од страна на Фондот во вкупниот буџет на проектот да не надминува 85%, односно
- % на кофинансирање од страна на апликантот во вкупниот буџет на проектот да не е помало од 15% (Пример: за да се добие максималниот износ од 30 000,00 евра кофинансирање од страна на Фондот потребно е вкупниот буџет на проектот да изнесува најмалку 35 295,00 евра)

Вкупниот буџет на проектот распределете го по квартали. При распределбата внимавајте на следното:

- износите на кофинансирање да бидат соодветно распределени по квартали, односно во секој квартал да има кофинансирање од страна на апликантот од најмалку 15% од вкупниот износ од кварталот.

## II. Буџетски ставки

При прикажувањето на трошоците по буџетски ставки имајте предвид дека за време на имплементацијата на проектот треба да се применува сметководство на готовинска основа. Ова значи дека трошоците треба да се прикажуваат во буџетот на проектот според моментот на исплата. ((1) Пример: Доколку се набавува опрема која ќе се исплаќа преку две исплати во различни квартали, вкупниот трошок за набавка на опремата треба да се прераспредели во соодветните квартали. (2) Исклучок на ова правило е буџетската ставка „Плати“каде трошокот за плати се прикажуваво тековниот квартал.)

### <u>Ставка I. „Плати“</u>

Под ставката „Плати“се наведуваат трошоците за лицата вработени (или лицата кои ќе бидат вработени) од страна на апликантот а кои се ангажирани во спроведувањето на проектот. При пополнување на оваа ставка внимавајте на следното:

- Овде претставените лица можат да бидат вработени со договор на неопределено или определено време, целосно или скратено работно време.
- Овде претставените лица не можат да бидат ангажирани со Договор на дело или Авторски договор.
- Доколку овде претставното лице за време на спроведувањето на проектот работи и на други работни задачи, односно е ангажирано на проектот со помалку од 40 работни часа неделно, овде треба да биде претставен и % на ангажманот во рамките на проектот.
- Во случај на делумен ангажман, како подобен трошок се смета дел на бруто месечна плата кој соодветствува со % на ангажираност во рамките на проектот.

Детални насоки:

Во колоната „Име на вработениот“- наведете го името и презимето на лицето ангажирано на проектот.

Во колоната „Работно место“наведете ја улогата која вработениот ќе ја има во проектот (Пример: проектен менаџер, програмер, менаџер на продажба и слично)

Во колоната „Месечна бруто плата за полно работно време - 100% ангажман“наведете го референтниот износ, платата која лицето би ја примало доколку е вработено на проектот 40 часа седмично (100 % ангажираност).

Во колоната "% на ангажираност на проектот"наведете го реалниот процент на ангажираност на лицето при спроведувањето проектот.
Во колоната „Број на месеци на ангажман на проектот"наведете го вкупниот број на календарски месеци во кои лицето ќе биде ангажирано на проектот.
Напомена: Во колоната „Вкупно бруто плата за проектот"автоматски се генерира износот кој ќе биде исплатен на вработениот само за ангажманот на проектот.

**Ставка „II. Опрема и потрошен материјал за истражување и развој"**
Во табела „II.А. Опис на опрема предмет на набавка"наведете ги трошоците за набавка на опрема наменета за истражување и развој, број на единици и износ по единица.
Во табела „II.Б. Опис на опрема предмет на закуп/наем"наведете ги трошоците за закуп/наем на опрема наменета за истражување и развој, број на единици и износ по единица.

**Ставка III. Услуги за И&Р - поддоговори "**
7.1.1. Ве молиме наведете дали во кварталот за кој известувате имате склучено соработка со институција што врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност.

а. **Да**, склучивме формален договор за соработка со институција што врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност (договор за соработка, меморандум за соработка итн.).

б. **Да**, имаме неформална соработка со институција што врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност.
в. **Не.**

7.1.2. Доколку одговоривте потврдно на претходното прашање, ве молиме наведете со која институција имате склучено соработка и во што се состои соработката.

Најмногу 150 зборови

| Внесете/пополнете тука |
|---|

**7.2. ОБУКИ**

Ве молиме наведете дали за време на претходниот квартал учествувавте на обуки или на студиски посети, добивте некаков вид менторство или пак учествувавте во друг вид активности за проширување на знаењето, на вештините и на капацитетите на вашето претпријатие.

7.2.1. **Да**, учествувавме во активност организирана од страна на ФИТР.
(*ве молиме накусо објаснете за каква активност станува збор, дали била организирана во земјата или во странство и кој ја испорачал, кој присуствувал на обуките)*
Најмногу 100 зборови

| Внесете/пополнете тука |
|---|

7.2.2. **Да**, самостојно организиравме активност во рамките на проектот.
(*ве молиме накусо објаснете за каква активност станува збор, дали била организирана во земјата или во странство и кој ја испорачал, кој присуствувал на обуките)*
Најмногу 100 зборови

| Внесете/пополнете тука |
|---|

7.2.3. **Не** учествувавме и не организиравме вакви активности.
(*ве молиме накусо објаснете)*
Најмногу 100 зборови

| Внесете/пополнете тука |
|---|

**7.3. ДОПОЛНИТЕЛНО ФИНАНСИРАЊЕ**

7.3.1. Дали во кварталот за кој известувате обезбедивте дополнителни средства за имплементација на активностите на проектот (надвор од рамките на предложеното кофинансирање)?

а. Да.

б. Не.

7.3.2. Доколку одговоривте потврдно на претходното прашање, ве молиме наведете ги износот и изворот на дополнително обезбедените средства.

| **ОПИС** | **Износ (во ЕУР)** | **Извор** *(ве молиме наведете дали се работи за: сопствени средства/ заем од банка/ инвестиција од приватен инвеститор/ државна или меѓународна помош/ друго)* | **Дополнително образложение** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| **Вкупно** | | | |

*Напомена: Одговорот на секое прашање треба да ги отсликува севкупните резултати реализирани преку вашиот проект, како и напредокот во вашиот проект и во неговата комерцијализација во однос на информациите презентирани во последниот квартален извештај. Успешното финализирање на проектот ќе зависи не само од информациите презентирани во овој извештај туку и од постигнатиот напредок кога ќе се спореди со претходните извештаи.*

**Прилог 8. Модел на Договор за доделување средства**

## Д О Г О В О Р
## за доделување средства преку Инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф

Овој Договор е склучен на ден _______________ во Скопје помеѓуследните договорни страни:

1. **Фондот за иновации и технолошки развој**, со адреса ___________________, 1000 Скопје, претставуван од Директорот ________________________________, (овде и во понатамошниот текст именуван како “Фондот”) од една страна; и

2. ______________________________________________________________________________ ________________, ул. _____________ бр.__________, ________________, со ЕМБС _________, ЕДБ ________________, жиро сметка __________________, Депонент _____________________________ банка АД Скопје, застапуван од_____________ ______________________,(во понатамошниот текст именуван како “Корисник”) од друга страна.

**Член 1**

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни кои произлегуваат од доделувањето на средства преку Инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф (во понатамошниот текст: Инструментот), а во врска со спроведување на проектот предвиден во Проектната апликација бр. __________ од __________ година и Буџетот на проектот бр. _________ од _________ година, поднесени од Корисникот, а прифатени и одобрени од Фондот со Одлука бр. ______ од _________ година.

## 1. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој договор е доделување на средства преку Инструментот за спроведување на проектот на Корисникот од член 1 на овој Договор, со цел поттикнување на иновативноста, имплементирање на иновативни решенија и поддршка на истиот, како и пренесување на резултатите од научните истражувања во применливи односно комерцијални активности.

## 2.ДЕФИНИЦИИ

**Член 3**

1. **“Буџет на проект“** значи одобрени финансиски средства за реализација на Проект, кои корисникот ќе ги обезбеди од свои средства и од средства доделени од страна на Фондот;
2. **“Виша сила“** претставува се она што е предвидено во одредбите на Законот за облигационите односи;
3. **“Договор”** значи писмен документ потпишан од овластени лица на договорните страни, заверен со официјални печати и заведен во деловните книги на договорните страни со кој меѓу другото се регулирани меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни, времетраење, како и условите за прекин и раскинување на договорот;

4. **“Завршен извештај“** е извештај кој Корисникот има обврска да го достави до Фондот во рок од 60 (шеесет) дена по денот на завршување на проектот и истиот ги содржи следните делови: описен дел и финансиски дел;
5. **“Иновациска дејност“** се активности кои се преземаат за да се создадат иновации на производи, технологии, процеси и услуги;
6. **“Квартал“** претставува временски период од три последователни месеци.
7. **“Квартален извештај за напредок“** е извештај кој Корисникот има обврска да го достави до Фондот во рок од 14 (четиринаесет) дена по денот на завршување на кварталот и истиот ги содржи следните делови:описен дел и финансиски дел;
8. **“Овластен ревизор“** е ревизиска куќа и/или овластен ревизор ангажиран од страна на корисникот согласно одредбите од овој Договор;
9. **“Приходи“**претставуваат средства од успешна комерцијализација по реализација на одобрениот Проект кои ги остварува Корисникот на годишно ниво;
10. **„Приходи од проектот“** се средства на Корисникот кои ги стекнал по основ на реализација на иновации и нивна успешна комерцијализација, а чиј развој го финансирал Фондот за иновации и технолошки развој во согласност со овој Договор;
11. **“Проект”** значи проект одобрен за финансирање од страна на Фондот согласно Инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф;
12. **“ Ројалти“** е надомест за успешна комерцијализација на иновации, кој корисникот е должен да му го исплати на Фондот во определен процент од приходите од проектот остварени на годишно ниво;
13. **“Трета страна”** значи секое физичко и/или правно лице кое не е договорна страна на овој Договор;
14. **“Услуги”**претставуваат услуги извршени од страна на Корисникот во согласност со овој Договор;
15. **“Финансиско сметководствена документација“** претставува збир од изводи од банка, аналитички и финансиски картици, фактури, договори од добавувачи и други финансиски и сметководствени документи.

(1) Роковите во овој Договорсе пресметуваат во денови, месеци и квартали.
(2)Поимите кои не се дефинирани во Договорот, го имаат значењето како што тоа е утврдено во важечките закони на Република Македонија кои ги регулираат соодветните области.

## 3. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

(1) Фондот одобрува финансиски средства на Корисникот во износ од ___________ ,00 евра (со букви: __________________) во денарска противвредност пресметани по куповен курс на Народната банка на Република Македонија на денот на исплата, а кој износ претставува __% (_________) проценти од вкупниот Буџет на проектот.
(2) Корисникот се обврзува да обезбеди финансиски средства во висина од _________________,00 евра (со букви: ________________________________) во

денарска противвредност пресметани по куповен курс на Народната банка на Република Македонија на денот на исплата, а кои претставуваат ___% (_____) проценти од вкупниот Буџет на проектот.

(3)Распределбата и намената на средствата од став 1 на овој член е определена и ќе се врши согласно одобрениот Буџет на проектот, Правилникот за Инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт–ап и спин-оф со дел. бр. ________од ___________(во понатамошниот текст: Правилникот за инструментот) и Правилникот за управување на инструментите за поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој со дел. бр. ________од ___________(во понатамошниот текст: Правилникот за управување).

(4)Средствата од ставот 1 на овој член Фондот ќе ги исплаќаат на начин, постапка, услови и рокови подетално уредени со Правилникот за управување и Правилникот за инструментот. Корисникот е обврзан да ги исполни во целост сите обврски кои произлегуваат од Правилникот за управување и Правилникот за инструментот, а кои се однесуваат на исплата на финансиските средства, поднесување на квартални извешти за напредок и завршен извештај, достава на изводи од сметка и други документи, плаќање наројалти и слично.

(5) За потребите на проектот, Корисникот отвори посебна сметка со број ________________________ во банка _______________________ на која ќе бидат префрлени средствата од став 1 на овој член.

## 3. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

**А. Обврски на Фондот**

**Член 5**

Фондот со овој Договор се обврзува:

- исплатата на ко-финансирањето од Фондот да ја спроведува под услови и рокови уредени со овој Договор, одобрениот Буџет на проектот, Правилникот за управување и Правилникот за инструментот;
- редовно да врши надзор на работењето на Корисникот преку теренски посети, разгледување и одобрување на извештаи, евалуација на остварените резултати од проектот и длабинска деловна и финансиска анализа согласно одредбите од Правилникот за инструментот и Правилникот за управување.

**Б. Обврски на Корисникот**

**Член 6**

(1)Корисникот има обврска да го спроведе проектот во согласност со условите пропишани во овој Договор, Правилникот за инструментот и Правилникот за управување, како и во согласност со добрите технички, економски, финансиски, управувачки, еколошки и социјални стандарди и практики и во согласност со законските и подзаконските акти во Република Македонија.

(2) Корисникот има обврска да го спроведе проектот ефективно и ефикасно, во согласност со проектната апликација и буџетот на проектот.

(3) Корисникот е должен да се придржува кон процедурите за надзор и да му овозможи на Фондот да изврши лесен надзор над спроведувањето на проектот. Исто така, корисникот е должен да му овозможи на Фондот или на лица овластени

од Фондот во секое време да извршат длабинска анализа на спроведувањето на проектот, на неговите активности и остварени резултати, како и да извршат ревизија на проектната и финансиска документација поврзана со проектот. Корисникот има обврска сите релевантни документи поврзани со проектот да ги подготви и достави до Фондот на негово барање, со цел обезбедување на наменско искористување на доделените финансиски средства за реализација на одобрениот Проект и исполнување на условите согласно со одобрениот буџет на проектот, одредбите од овој Договор, Правилникот за инструментот и Правилникот за управување.
(4) Корисникот има обврска да одржува систем за финансиско управување и систем на одвоена-посебна финансиско-сметководствена евиденција, во согласност со меѓународните сметководствени стандарди и на начин најсоодветен за проектните активности, расположливите ресурси и трошоци поврзани со проектот и ќе изготвува финансиски извештаи во согласност со сметководство на парична односно готовинска основа, јасно претставувајќи ги сметкопотврдите и исплатите за кварталот за кој се однесуваат, на начин кој ќе соодветствува со активностите, ресурсите и трошоците поврзани со проектот.
(5) Во случај на промени на проектот Корисникот има обврска да постапува согласно одредбите на Правилникот за управување.
(6) Корисникот е должен да ја чува целокупната документација на проектот од почетокот на проектот, а најмалку до 2023 години и истата да ја достави на увид на барање на Фондот, лица овластени од Фондот и/или лица овластени од Светска банка.

**Член 7**

(1) По успешна комерцијализација, приходите (не само добивката) на Корисникот остварени како резултат од проектот добиени од продажбата на производот/услуга или некој друг последователен производ/услуга врз основа на технологијата развиена во рамки на проектот финансиран од страна на Фондот, станува основа за плаќање на ројалти кон Фондот.
(2) Секое плаќање на ројалти се врши по стапка од 5% (пет) проценти од годишниот приход на корисникот добиен од продажба на производот/услугата кои се резултат на проектот, до остварување на повраток на 120% (сто и дваесет) проценти од износот исплатен од страна на Фондот или за период од 5 (пет) години по завршувањето на проектот, во зависност од тоа кој услов е прво постигнат.
(3) Плаќањето на ројалти се пресметува годишно од страна на Фондот во тековната година за претходната година, и треба да биде исплатено од страна на Корисникот кон Фондот најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.
(4) На достасаните, а неплатени обврски – ројалти во роковите утврдени со овој Договор, Правилникот за инструментот и Правилникот за управување од денот на достасаноста до денот на наплатата, Фондот ќе пресметува и наплатува законска казнена камата, согласно Законот за облигациони односи на Република Македонија.
(5) Уплатата на ројалти се врши на сметката на Фондот:
________________________________________________

**Член 8**

(1)Корисникот не смее свесно или намерно да ги нарушува правата на интелектуална сопственост на трети лица. Доколку проектот се заснова на веќе постоечки права на интелектуална сопственост, Корисникот е должен да достави доказ за право на користење на интелектуалната сопственост во вид на договор за лиценцирање, договори за „in-kind“ придонес или друг вид на договор кој потврдува дека Корисникот има право на користење на интелектуалната сопственост на која се засноваат резултатите од проектот.

(2)Сите права на интелектуална сопственост и „know how“ кои ќе бидат создадени за време на спроведување на проектот и/или како резултат на спроведувањето на проектот му припаѓаат на Корисникот и доколку е применливо, Корисникот треба да ги заштити правата на интелектуална сопственост.

(3)Фондот не е одговорен за какви било спорови поврзани со правата за интелектуална сопственост помеѓу сопствениците на претпријатието – корисник или трети страни.

**В. Рок за реализација на проектот**

**Член 9**

(1) Проектот е со времетраење од __ (_________) месеци почнувајќи од __________година до _______ година.

(2) Под оправдани околности, времетраењето на спроведувањето на проектот може да биде продолжено најмногу за дополнителни 6 (шест) месеци по претходно добиено одобрување во согласност со одредбите на Правилникот за инструментот.

(3) Во случај на продолжување на спроведувањето на проектот, износот на доделениот грант не може да биде зголемен.

## 5. НАДЗОР НА ПРОЕКТОТ

**Член 10**

(1) Правилата, начинот на спроведување и последиците од спроведениот надзор на проектот се детално уредени во Правилникот за управување.

(2) Надзорот од страна на Фондот трае се додека трае обврската за исплата на ројалти.

(3) Фондот задолжително спроведува најмалку една теренска посета по проект во рок од 12 месеци. Фондот има право да спроведе и повеќе теренски посети доколку е потребно.

## 6. ПРОМЕНИ НА СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА И СТАТУСНИ ПРОМЕНИ НА КОРИСНИКОТ

**Член 11**

(1) Во случај на можна промена на доминантната сопственичка структура (над 50,1% од сопственоста) и/или промена во доминантна македонска сопственичка структура (над 50,1% од сопственоста), Корисникот е должен да побара одобрување за промената од страна на Комитетот. Оваа обврска не важи во случај на смрт на сопственик/содружник и/или акционер и спроведување на оставинска постапка.

(2) Во случај на промена на сопственичка структура која не претставува промена во доминантната сопственост, Корисникот е обврзан во рок од 15 (петнаесет) дена од денот по извршувањето на упис на промената во Централниот регистар на Република Македонијада го извести Фондот за настанатата промена. Оваа обврска не важи во случај на смрт на сопственик/содружник и/или акционер и спроведување на оставинска постапка. При настанување на промената Корисникот е обврзан да ја задржи доминантната македоноска сопственичка структура.

(3) Обврската на Корисникот за барање на одобрување од Комитетот за промена во доминантната сопственичка структура и/или доминантната македонска сопственичка структура на Корисникот има за цел да спречи обиди од трети страни да воспостават контрола над Корисникот и траесѐ до исполнување на сите обврски кон Фондот согласно овој договор.

(4) Во случај на промена во доминантната сопственичка структура (пренос на сопственички удел и /или акции) новиот сопственик на Корисникот, треба да ги преземе сите правни обврски и одговорности од овој договори да потпише Изјава за продолжување на проектот и потврда на временската рамка соизјава за пристапување кон обврските од овој договор.

(5) Доколку во периодот на спроведување на проектот и додека се уште траат обврските кон Фондот, Корисникот ја промени доминантната сопственичка структура и/или доминантната македонска сопственичка структура без претходно добиено одобрување од страна на Комитетот, го префрли трговското друштво, активностите и/или го пренесе правото на сопственост на технологијата/производите/услугите настанати за време на проектот надвор од земјата на кој било начин, Корисникот ќе треба да плати 100% од износот на доделени средства,намален за износот на платените ројалти кон Фондот. Од денот на достасаноста до денот на наплатата,Фондот ќе пресметува и наплатува законска казнена камата согласно Законот за облигациони односи. Доколку Корисникот планира да го затвори трговското друштво, должен е претходно да достави барање до Фондот, освен во случај на стечај или ликвидација кога корисникот е должен да го извести Фондот за истото.

(6) Доколку во периодот на спроведување на проектот и додека се уште траат обврските кон Фондот, новиот сопственик на Корисникот ја промени доминантната сопственичка структура и/или доминантната македонска сопственичка структура без претходно добиено одобрување од страна на Комитетот, го затвори или ликвидира или го префрли трговското друштво,активностите и/или се пренесе правото на сопственост на технологијата/производите/услугите настанати за време на проектот надвор од земјата на кој било начин новиот Корисник ќе треба да плати 100% од износот на доделени средства, намален за износот на платените ројалти кон Фондот. Од денот на достасаноста до денот на наплатата,Фондот ќе пресметува и наплатува законска казнена камата согласно Законот за облигациони односи.

**Член 12**

(1) Во случај на можна промена на статусот – поделба на Корисникот, поврзување или присоединување на корисникот, корисникот е должен да побара одобрување промената од страна на Комитетот.

(2) Доколку Комитетот даде согласност за статусна промена – поделба на Корисникот, поврзување или присоединување на корисникот, новите сопственици на Корисникот, правниот наследник (претпријатијата со кои Корисникот остварил поврзаност, се присоединил или на кои сопственикот пренесол средства – новоосновани или постоечки претпријатија) во рок од 15 (петнаесет) дена по извршувањето на упис на промената во Централниот регистар на Република Македонија се должни да склучат и анекс на овој договор.

(3) Обврската на Корисникот за барање одобрување од Комитетот за промена на статусот трае сè до исполнување на сите обврски кон Фондот согласно овој договор.

(4) Доколку во периодот додека се уште траат обврските кон Фондот, новиот правен наследник (претпријатијата со кои Корисникот се поврзал, присоединил или на кои сопственикот пренесол средства – новоосновани или постоечки претпријатија), го затвори или ликвидира или го префрли трговското друштво, активностите и/или го пренесе правото на сопственост на технологијата/производите/услугите настанати за време на проектот надвор од земјата на кој било начин ќе треба да плати 100% од износот на доделени средства, намален за износот на платенитеројалти кон Фондот. Од денот на достасаноста до денот на наплатата,Фондот ќе пресметува и наплатува законска казнена камата согласно Законот за облигациони односи.

(5) За контрола на евентуални промени во доминантната сопственичка структура, доминантната македонска сопственичка структура и/или статусна промена, Фондот има правово секое време да побара корисникот да достави нова тековна состојба од Централниот регистар на Република Македонија (не постара од 8 (осум) дена).

**7. ВИША СИЛА**

**Член 13**

(1) Договорните страни се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон другата за штета, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

(2) Во случај на настанување на виша сила, договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, со цел договарање на нови услови за исполнување или за раскинување на овој Договор.

**8. УСЛОВИ ЗА ПРЕСТАНОК НА ФИНАНСИРАЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА**

**ДОГОВОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА**

**Член 14**

(1) Фондот има право да го прекине договорот и/или финансирањето, како и да го раскине договорот, во целост или делумно, во случај на проневера и прекршување на обврските од овој договор, и/или одредбите од Правилникот за управување и/или одредбите од Правилникот за инструментот, а особено во следниве случаи:

1. Доколку Корисникот наменски не ги користи одобрените финансиски средства, вклучувајќи и прераспределба на средства во процент поголем од утврдениот процент на средства од вкупниот буџет на проектот согласно член 21 став 4 од Правилникот за управување без претходна писмена согласност од Комитетот;
2. Доколку Корисникот со намера за измама дава неточни податоци во текот на постапката за доделување средства и за времетраењето на овој договоркои имаат материјално влијание на проектот;
3. Доколку Корисникот не воведе соодветни политики и процедури кои ќе му овозможат на Фондот да врши надзор и да ги оцени напредокот на проектот;
4. ДоколкуКорисникот не воведе и одржува систем на финансиско управување и не подготвува финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди на начин кој соодветно ќе ги рефлектира активностите, ресурсите и трошоците поврзани со проектот;
5. Доколку Корисникот на барање на Фондот не дозволи ревизија од страна на овластен ревизор и/или стручно лице за ревизија назначени од Фондот;
6. ДоколкуКорисникот не му обезбеди на Фондот/или на лица назначени од страна на Фондот, да извршат увид во спроведувањето на проектот, неговите активности, остварени резултати и сите релевантни документи за проект, или на сметките и/или истите да ги достави до Фондот на негово барање;
7. Доколку Корисникот не го извести Фондот за секоја значајна промена со материјално влијание врз проектот;
8. Доколку Корисникот постапува спротивно на одредбите од членот 18 став 4 од Правилникот за управување кои се однесуваат на измама и корупција;
9. Доколку Корисникот не побара согласност за статусна промена и/или промена во доминантната сопственичка структура и/или доминантната македонска сопственичка структура со цел да се спречи каков било обид за воспоставување контрола од трето лице врз Корисникот;
10. Доколку Корисникот не се придржува кон одредбите од член 28 и 29 од Правилникот за управување во случај на одобрена статусна промена и/или промена на сопственичка структура;
11. Врз основа на барање на Корисник или тимот за следење, доколку поради неизбежна пречка од технички или пазарен аспект се доведат во прашање идните резултати на проектот.

**Член 15**

(1) Во случај на настанување на која било од околностите од член 14 од овој договор, Фондот го задржува правото да донесе одлука за привремен прекин на финансирањето, и/или да бара враќање на дел или во целост на финансиските средства исплатени на Корисникот до тој момент.

(2) Фондот истовремено со одлуката за привремен прекин на финансирањето испраќа и писмено известување до Корисникот, информирајќи го за настанатите прекршувања на овој договор со барање Корисникот да ги отстрани прекршувањата во рок од 14 (четиринаесет) дена од приемот на известувањето.

(3) По барање на Корисникот, Директорот на Фондот може да му одобри на Корисникот дополнителни 30 (триесет) дена за отстранување на прекршувањата.

(4) Во случај Корисникот да ги надмине идентификуваните прекршувањата во роковите наведени во став 2 и став 3 од овој член, Директорот на Фондот ќе донесе одлука за повлекување на привремениот прекин на финансирањето.

(5) Во случај Корисникот да не ги отстрани идентификуваните прекршувања во роковите од став 2 и став 3 од овој член, Директорот доставува информација и предлог до Комитетот, кој ќе одлучи дали ќе дојде до раскинување на договорот.

**Член 16**

(1) Во случај на настанување на било која од околностите од член 14од Правилникот за управување, Фондот го задржува правото да донесе одлука за раскинување на договорот и/или да бара враќање на дел или во целост на финансиски средства исплатени на Корисникот до тој момент.

(2) Одлуката за раскинување на договорот за доделување на средства и на финансирањето ја носи Комитетот.

(3) Во случај на раскинување на договорот Корисникот е должен да му го врати на Фондот целиот износ префрлен од Фондот на Корисникот, а посебно во случаи кои се однесуваат на условите наведени во член 14 став 1 алинеи 2, 5, 6 и 8 Фондот го задржува правото да бара и надомест на штета.

(4) Доколку договорот за доделување средства е раскинат од било која причина опфатена со член 14, а доделените финансиски средства не се потрошени, Корисникот е должен да го врати на Фондот целиот непотрошен износ на средства најдоцна во рок 8 (осум) дена од денот кога од Фондот тоа е побарано, во спротивно тој паѓа во задоцнување и на истиот износ може да биде обврзан да плати законска казнена камата во согласност со Законот за облигациони односи сметано од денот на доцнењето, се до конечната исплата.

(5) Во случај на настанување на услови наведени во член 14 став 1 алинеја 11 од овој договор, од Корисникот ќе се бара да достави документација до Фондот и да побара престанок на проектот и финансирањето. Последователно, Комитетот ќе утврди дали постои оправданост на доказите за постоење на неизбежна пречка која

ги доведува во прашање идните резултати на проектот и ќе донесе соодветна одлука. Доколку Комитетот одлучи дека се исполнети условите наведени во член 14 став 1 алинеја 11, Корисникот нема да биде обврзан да ги врати доделените средства. Договорот нема да се раскине и обврските за плаќање ројалтии излезната стратегија ќе бидат активни сè додека договорот е на сила.

(6) Во случај да настанат условите наведени во член 14, став 1 алинеја 9 и/или 10 од овој договор, Корисникот е должен на Фондот да врати 100% од износот на доделени средства, намален за износот на платените ројалти кон Фондот,а зголемен за казнена камата пресметана согласно Законот за облигациони односи, или Фондот има право еднострано да го раскине договорот, да побара повраток на износот кој е веќе исплатен на Корисникот зголемен за казнена камата од денот на исплата, како и да бара надомест на штета. Фондот може да направи избор помеѓу двете опции.

(7) Фондот има право да бара казнена камата, надомест на штета и да започне соодветна постапка за обезбедување на побарувањата од Корисникот согласно условите предвидени во овој договор и во Правилникот за управување,во најкраток можен рок, доколку Корисникот не ги исполни условите наведени во став 3,4,5 и 6 од овој член за да се изврши целосно враќање на веќе исплатените средства кон Корисникот.

(8) Сите исплати треба да бидат исплатени на Фондот во денари според официјалниот куповен девизен курс на Народна банка на Република Македонија на денот на исплата.

## 9. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

(1) Овој Договор започнува да произведува правно дејство од денот на неговото потпишување од страна на двете договорни страни.

**Член 18**

(1) Овој Договор е сочинет на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

**Член 19**

(1) Договорните страни се согласни меѓусебната комуникација да се врши по писмен пат со препорачана пратка на следните адреси:

- Фондот на адреса: ____________________________________;
- Корисникот на адреса: ____________________________________;

а додека пак по електронски пат на следните е-маил адреси:

- Фондот на електронска адреса: ______________________________;
- Корисникот на електронска адреса: ______________________________.

Доставата извршена на еден од горенаведените начини ќе се смета за уредна на денот на прием на писменото, односно е-маил пораката кај другата договорна страна.

(2) Секоја договорна страна е должна за каква било измена на податоците од став 1 на овој член писмено да ја извести другата страна во рок од 3 (три) дена од денот на настанување на промената.
(3) Доколку Корисникот изврши промена на податоците од став 1 од овој член и за тоа писмено не го извести Фондот во рокот наведен во став 2 од овој член, секоја извршена достава од страна на Фондот до Корисникот на адресата наведена во став 1 од овој член се смета за уредна и валидна.

**Член 20**

(1) Со потпишување на Договорот, Корисникот потврдува дека ги прочитал и разбрал во целост Правилникот за управување на инструментите за поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој со дел. бр. ________од ___________година и Правилникот за Инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт–ап и спин-оф со дел. бр. ________од _______ година, и дека ги презема во целост сите права и обврски кои произлегуваат од истите и е согласен да ги изврши во целост, со цел успешна реализација на проектот.

**Член 21**

(1) Насловите во овој Договор нема да бидат користени во неговото толкување.
(2) Со потпишување на овој Договор, Корисникот потврдува дека пред склучувањето на Договорот навремено му се соопштени сите потребни информации и податоци за склучување на Договорот и дека е запознаен со условите на кофинансираниот грант, содржината и условите на Договорот.

**Член 22**

(1) Измени и дополнувања во вид на анекс на договор можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни доставена по писмен пат.

**Член 23**

(1) За сè она што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за иновациската дејност, Законот за облигациони односи, Правилникот за инструментот, Правилникот за управување и важечките законски прописи во Република Македонија.

**Член 24**

(1) Договорните страни ќе настојуваат настанатите спорови да ги решаваат со усогласување, порамнување, медијација или на друг мирен начин.
(2) Во случај на поведување на постапка за присилна наплата или друг спор кој може да произлезе од прекршување на одредбите на овој Договор, Корисникот има право да поднесе писмено барање до Фондот за вонсудско решавање на спорот.
(3) Фондот е должен во рок од 30 дена да го извести Корисникот писмено или преку друг траен медиум за прифатливоста на неговото барање.
(4) Во случај на вонсудско спогодување, Фондот и Корисникот потпишуваат спогодба или протокол во писмена форма.

(5) Во случај на спор по овој Договор надлежен да постапува е Основниот суд Скопје 2 во Скопје.

**Член 25**

(1) Овој Договор е сочинет во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

____________________________ ________________________

**За ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ** **За КОРИСНИК**

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

За се што не е уредено со овој правилник, важат одредбите од Правилникот за управување и законите на Република Македонија.

**Член 17**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за инструментот за поддршка-кофинансирани грантови за старт ап, спин-оф трговски друштва и иновации бр. 01-475/1 од 07.09.2015 година.

**Член 18**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Фондот, а се објавува по добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Претседател на Управен одбор

Бр. 01-250/2
Скопје, 05.10.2016

Врз основа на член 25 став 19 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2013, 137/2013, 41/2014, 44/2015, 6/2016 и 53/2016) и член 30 став 2 алинеја 11 од Статутот на Фондот за иновации и технолошки развој, Управниот Одбор на Фондот за иновации и технолошки развој на седницата одржана на 05.10 2016 година ја донесе следната

**Одлука**
**за донесување на Правилникот за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф**

Член 1

Управниот одбор го донесе Правилникот за инструментот за поддршка - кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф.

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

**Дел. Број 02-412/6**
**Скопје, 05.10.2016 година**

**Претседател на Управен одбор**
**на Фонд за иновации и технолошки развој**